ирија македоноски - Злашко

Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302 - 358/1
22.03 2022 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -

| ПРИМЕНО: 29-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 0903 | -90/4 | | |

**До: Општина Свети Николе**

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. **Дали во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година сте користеле услуги на надворешни физички и/или правни лица за спроведување на постапките за јавни набавки?**
2. **Како е извршен изборот на ангажираните физички и/или правни лица?**
3. **Какви услуги сте користеле од ангажираните физички и/или правни лица во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година?**
4. **Како е одредено плаќањето за ангажираните физички и/или правни лица (еднократен годишен износ, месечен паушален износ, по извршена услуга итн.)? Колку изнесува тој износ?**
5. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјави за непостоење на судир на интереси во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
6. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјава за доверливост на информациите до кои доаѓаат во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
7. **Бројот на вработени во вашата институција кои работат во организационата единица задолжена за јавни набавки?**
8. **Колку вработени во вашата институција во 2021/22 година имале важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки?**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго-----------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-

Бр. 0903-904-2
07.04.2022 год.

1. Дали во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година сте користеле услуги на надворешни физички и/или правни лица за спроведување на постапките за јавни набавки?
   - Во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година имаме користено услуги на надворешни физички лица.

2. Како е извршен изборот на ангажираните физички и/или правни лица?
   - Изборот се врши со Договор потпишан од Одговорното лице и ангажираното физичко лице.

3. Какви услуги сте користеле од ангажираните физички и/или правни лица во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година?
   - Од физички лица се користени консултантски услуги во јавните набавки за кои е ангажирано 1 лице, 1 лице е ангажирано преку Агенција за привремени вработувања за работа како Помлад соработник за подготовка на документација за јавни набавки во Одделение за јавни набавки и 1 лице е ангажирано со договор на дело за работа во Одделение за јавни набавки.

4. Како е одредено плаќањето за ангажираните физички и/или правни лица (еднократен годишен износ, месечен паушален износ, по извршена услуга итн)? Колку изнесува тој износ?
   - Плаќањето како и износот на ангажираните физички лица е уредено со меѓусебен Договор.
   - Консултант за јавни набавки има договор за време од 1 година со месечен паушален надомест од 15.000,00 денари.
   - Помлад соработник во Одделение за јавни набавки има договор со Агенција за привремени работи нето плата од 20.727,00 денари
   - Лицето ангажирано во Одделение за јавни набавки со Договор на дело со паушален надомест од 15.000,00 денари

5. Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјави за непостоење на судир на интереси во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.
   - Согласно Законот за јавни набавки во постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси. Физичките лица во бараниот период не учествуваа во Комисија за јавни набавки, па поради тоа немаат потпишано изјава за непостоење на судир на интереси.

6. Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјава за доверливост на информациите до кои доаѓаат во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаите изјави за бараниот период.
   - Ангажираните физички лица немаат потпишано изјава за доверливост на информациите.

7. Бројот на вработени во вашата институција кои работат во организационата единица задолжена за јавни набавки?
   - Во 2021 година во Одделение за јавни набавки работат 2 лица
   - Во 2022 година во Одделение за јавни набавки работат 3 лица (1 вработено во Општина Свети Николе, 1 лице е ангажирано преку Агенција за привремени вработувања и 1 лице со Договор на дело)

8. Колку вработени во вашата институција во 2021/2022 година имале важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки?
   - Во 2021 година во Општина Свети Николе потврда за положен испит за лице за јавни набавки имаат 2 вработени.
   - Во 2022 година во Општина Свети Николе потврда за положен испит за лице за јавни набавки имаат 2 вработени (едно од овие лица е ангажирано преку Агенција за привремени вработувања).

Општина Свети Николе

Одделение за јавни набавки

Мартина Јованчевска